КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Јули 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
www.mapas.mk 02/3224-229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Позитивните резултати на компаниите во САД кои беа објавени во текот на месец јули и зголемувањето на очекувањата за постепено намалување на инфлацијата без значителни негативни влијанија на економиите на развиените држави, доведе до значителни растови на пазарите на капитал.

Глобалниот индекс MSCI ACWI забележа раст од 3,55 % во текот на месецот, а од почетокот на годината истиот индекс порасна за 16,80 %.

Во текот на месецот, како и од почетокот на годината сите региони остварија значителни приноси. Најголем раст за месецот остварија акциите од брзорастечките економии (прикажани преку MSCI Emerging Market) кој изнесува 5,80 %, додека од почетокот на годината најголем раст од 19,52 % оствари S&P 500 индексот, кој ги опфаќа американските акции.




**MSCI Asia – Pacific** – индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
**MSCI Emerging Market** – индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на месец јули, домашниот берзански индекс МБИ 10 забележа раст на вредноста за 1,13 %, додека од почетокот на годината растот на индексот изнесува 2,23 %. Најголем пораст во текот на месецот оствариja акциите на Стопанска банка – Скопје со раст од 11,82 %, а од почетокот на годината, најголем раст имаа акциите на Уни банка. Од почетокот на годината, значителен пад имаа акциите на Гранит и ТТК банка со пад од 11,56 % и 8,86 %, соодветно.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Во текот на месец јули Централната банка на САД (ФЕД) и Европската централна банка – ЕЦБ продолжија со зголемување на референтните каматни стапки во насока на справување со високите стапки на инфлација.
Во поглед на стапките на принос на државните обврзници, и покрај намалување на приносот во последните неколку месеци – највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница која изнесува 6,11 %, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница која изнесува 0,61 %.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028 година.*
*Извор: Блумберг*



ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец јули најголем пад во однос на еврото повторно имаше руската рубља (RUB) која ја намали вредноста за дополнителни 3,88 %, со што од почетокот на годината намалувањето на вредноста на оваа валута изнесува 21,43 %. Од друга страна, најголем раст во однос на еврото од почетокот на годината имаат британската фунта (GBP) и швајцарскиот франк (CHF) со раст од 3,33 % и 3,27 % соодветно.



Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*